РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-1901/1
31.10 2017 год.
КОЧАНИ

Врз основа на чл.50 ст.1 т.16 од Законот за локална самоуправа (Слвесник на РМ бр.5/02), а во врска со член 30 став 1 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015), член 2, 4 и 6 од Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општината Кочани бр.01-2503/1 од 02.10.2012 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-2548/1 од 12.11.2013 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1910/1 од 17.09.2014 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1795/1 од 30.09.2016 година, Градоначалникот на Општина Кочани донесе

**О Д Л У К А**

за распишување на конкурс за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани, за определување на висината на стипендијата и за утврдување на дефицитарни кадри за доделување на стипендии

**Член 1**

Да се распише конкурс за доделување на **25 стипендии на студенти** од општина Кочани и постапката да се спроведе во согласност со условите од Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општината Кочани бр.01-2503/1 од 02.10.2012 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-2548/1 од 12.11.2013 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1910/1 од 17.09.2014 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1795/1 од 30.09.2016 година.

**Член 2**

Конкурсот да се објави на веб страната на Општина Кочани, на огласна табла на Општина Кочани и во локалните медиуми.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од денот на објава.

**Член 3**

**Износот на стипендијата да изнесува 2.500,00 денари месечно, по студент.**

Стипендијата да се додели за 10 (десет) месеци, а исплатата на стипендијата да се врши почнувајќи од месец Септември 2017 година и завршува со месец Јуни 2018 година.

Стипендиите за студенти се планирани во Програмата за поддршка на образованието на Општина Кочани за 2017 година бр.09-2211/1 од 16.12.2016 година (Службен гласник на Општина Кочани бр.13/2016) и ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кочани за 2017 и 2018 година, од Програмата на Градоначалникот D0, ставка 464, подставка 464110.

**Член 4**

Постапката за доделување на стипендии да ја спроведе Комисијата за доделување на стипендии формирана од Градоначалникот на Општина Кочани со Решение бр.08-1900/1 од 31.10.2017 година.

Комисијата за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани има задача од пристигнатите прифатливи пријави, а согласно утврдените Критериуми за бодирање утврдени од Градоначалникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани да утврди ранг листа и истата да ја достави до Градоначалникот на разгледување и одлучување бр.08-1910/2 од 19.09.2014 година.

Комисијата има задача постапката за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани да ја спроведе согласно Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општината Кочани бр.01-2503/1 од 02.10.2012 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-2548/1 од 12.11.2013 година, Правилник за изменување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1910/1 од 17.09.2014 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани бр.08-1795/1 од 30.09.2016 година и Критериуми за бодирање утврдени од Градоначалникот за доделување на стипендии на студенти од општина Кочани да утврди ранг листа и истата да ја достави до Градоначалникот на разгледување и одлучување бр.08-1910/2 од 19.09.2014 година.

**Член 5**

Како **дефицитарни кадри** во општина Кочани за студиската 2017/2018 година кои имаат приоритет за доделување на стипендија на студенти жители на општина Кочани, по кој основ можат да се добијат најмногу 5 бода, се утврдуваат следните:

1. **Технолошки факултет,**
2. **Факултет за ветеринарство,**
3. **Факултет за музичка уметност ( виола и виолина)**
4. **Хемија**
5. **Биологија и**
6. **Текстилен инжинер.**

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

Градоначалник,
на општина Кочани
Николчо Илијев

Доставено до:
- архива,
- предмет,
- Сектор за финансиски прашања.

Изготвил: Анна Кралева